**Продолжува исплатата на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)**

По успешната реализација на одобрените инвестиции, шест корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 414.686 денари на корисникот Бојан Радевски од Ресен за обновување на постоечки овошни насади. Од вкупно исплатените средства 311.014 денари се средства од буџетот на ЕУ и 103.672 денари се средства од буџетот на РМ.

На корисникот Јован Митревски од Ресен исплатени се средства во износ од 599.186 денари од кои 449.389 денари се средства од буџетот на ЕУ и 149.797 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Златко Ѓоргиевски од Ресен исплатени се средства во износ од 465.227 денари од кои 348.920 денари се средства од буџетот на ЕУ и 116.307 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Зорица Андриќ од Росоман исплатени се средства во износ од 501.760 денари од кои 376.320 денари се средства од буџетот на ЕУ и 125.440 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Слободанка Јордановска од Велес исплатени се средства во износ од 501.760 денари од кои 376.320 денари се средства од буџетот на ЕУ и 125.440 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.

На корисникот Аднан Феим од Ресен исплатени се средства во износ од 467.400 денари од кои 350.550 денари се средства од буџетот на ЕУ и 116.850 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.